**Известување за концентрација со која Телеком Србија акционерско друштво Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола над КДС ИНТЕРНЕТ ТВ ДОО ЗАЈЕЧАР, Република Србија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 15.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија над друштвото КДС ИНТЕРНЕТ ТВ ДОО ЗАЈЕЧАР, со регистрирано седиште на улица Милоша Великог број 2, стан 59, Зајечар, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телеком Србија акционерско друштво Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија акционерско друштво Белград  има едно поврзано правно лице на територија на Република Северна Македонија:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

**КДС ИНТЕРНЕТ ТВ ДОО ЗАЈЕЧАР** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за пружање на интернет услуга и услуга за пристап до интернет на територија на Република Србија.

КДС ИНТЕРНЕТ ТВ ДОО ЗАЈЕЧАР нема поврзани правни лица, ниту пак има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како малопродажниот пазар за давање услуги од широко појасен пристап до интернет.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.08.2023 година, Скопје